# СТРУЧНО УСОВРШУВАЊЕ ВО

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ КЛИНИЧКИ ЦЕНТАР ЉУБЉАНА


Маја Велјановска, дипломирана медицинска сестра
Универзитетска клиника за дигестивна хирургија, Скопје


Скопје,
јуни, 2015 година





Стручното усовршување од областа на дигестивната хирургија е реализирано во периодот од 08.06. до 26.06.2015 година во Клиничкиот центар, Љубљана во Република Словенија.
Во Клиничкиот центар, Љубљана, дигестивната хирургија опфаќа 4 оддели - А, Б, Ц и Д оддел, каде се хоспитализираат пациенти на кои најчесто се извршуваат операции на абдоменална регија, меѓу кои и пациенти на кои им е извршена трансплантација на панкреас и црн дроб.







Клиниката е во целост посветена на организационата структура во одделите, процедурите за работа и документацијата што се спроведува при приемот, третманот и отпустот на пациентите.

Образованието и едукацијата на медицинскиот персонал (медицински сестри) е на исклучително високо ниво и го определува нивното работно место:

- главна медицинска сестра;
- дипломирана медицинска сестра;
- педагошка медицинска сестра, и
- средно медицинска сестра, техничар.

Медицинскиот персонал е со конкретизирани работни задачи, што влијае на високиот квалитет на здравствената нега.

Работните денови во Клиниката се реализираат на следниот начин:

- **06ч30**: Нега на пациентите;

- **07ч40**: Утрински состанок на кој се реферира:
  - број на состојба на одделите;
  - број на стома пациенти;
  - број на трансплантирани пациенти;
  - број на изолирани пациенти;
  - ургентни приеми на пациенти;
  - здравствена состојба на присутните пациенти.

  Врз основа на ваквата категоризација, медицинскиот персонал се распределува според потребите по одделите.

- **08ч00**: Визита;

- **08ч30**: Апликација на ординирана терапија, преврски на оперативни рани, подготовка на пациентите за дијагностички цели (лабораториски анализи, ЕХО дијагностика, РТГ дијагностика, колоноскопија, гастроскопија, итн.) и припрема на пациентите предвидени за оперативен програм.

Преостанатото работно време опфаќа средување на документација, и тоа:

- план за здравствена нега;
- водење на тераписка листа (сестринска дијагноза, проценка на ризик, степен на болка на пациентот, евидентирање на неочекувани настани - пад на пациент, несакани ефекти и реакција од примени лекарства);
- прием и отпус на пациенти.

## Оперативен блок

Клиничкиот центар опфаќа вкупно 24 операциони сали од кои 3 се постојани за абдоменална хирургија и 1 итна за абдоменални случаеви.
Се применуваат строго дефинирани протоколи за влез и излез на медицинскиот персонал што е активно вклучен во оперативниот зафат, како и на пациентите што се предвидени во дневниот програм.
Операционите сали се опремени со модерна апаратура и модерен инструментариум што е од посебно значење за комплексните операции, како што се: трансплантацијата на панкреас и бубрег, трансплантацијата на црн дроб, срце и примената на V.A.C - Therapy system.
Како дел од оперативниот блок припаѓаат recovery room, просторија за стерилизација, анестезија и магацини за чување на медицински потрошен материјал.

# Оперативен блок



Подготовка за во операциона сала



Операциона сала



Recovery room

## Оперативен блок

За време на мојот престој во Оперативниот блок, имав можност одблиску да ја следам трансплантацијата на срце.






Во Клиниката  имав прилика да се запознаам со процедурите и третманот на пациенти на кои се извршени следните интервенции:

- трансплантација на панкреас и бубрег;
- трансплантација на црн дроб;
- примена на V.A.C. системот;
- примена на V.A.C. “ulta” - negative pressure wound therapy system;
- примена на ректален V.A.C.

Vacuum Assisted Closure - V.A.C е една од важните иновации во третманот на рани (зараснување) која се повеќе станува интергрален дел во лечењето на декубитуси и други хронични рани во се поголем број на клиники во странство, а и кај нас.

*Во продолжение се слики на V.A.C системот.*

# V.A.C. - Therapy System










Работењето на медицинскиот персонал е врз основа на дефинирани протоколи регулирани според меѓународни стандарди. Некои од нив се:

- протокол за третман на трансплантирани пациенти;
- протокол за изолирани пациенти;
- протокол за пациенти на кои им е потребна интензивна здравствена нега;
- протокол за превенција од интрахоспитални инфенкции;
- протокол за хигиена на болничките простории;
- протокол за заштита на вработените при извршување на своите должности.

Освен протоколите, работењето е поддржано и со соодветна документација (упатства, административни обрасци, брошури и акти) кои се поддржани со софтверски апликации.

# Упатства за работа



TRANSPLANTACIJSKI PROGRAM

| leto | skupaj število transplantacij v UKCL | ledvica | srce | jetra | trebušna slinavka |
|---|---|---|---|---|---|
| 2010 | 104 | 61 | 19 | 23 | 1 |
| 2011 | 81 | 46 | 14 | 20 | 1 |
| 2012 | 117 | 62 | 28 | 27 | 0 |
| 2013 | 115 | 60 | 30 | 21 | 4 |
| 2014 | 119 | 55 | 33 | 31 | 0 |









## Препораки од стекнатите искуства за подобрување на квалитетот во работењето

1. Мотивираност и вреднување на медицинскиот персонал;
2. Постојана едукација и подобра информираност на здравствениот кадар со европските и светските достигнувања во здравството;
3. Подобра организација на целовкупниот здравствен кадар;
4. Почитување на хиерархискиот систем и поголема колегијалност;
5. Подобрување на професионален однос кон пациентите и колегите;
6. Здравствена култура и етичност на повисоко ниво во секој сегмент од работењето;
7. Почитување на протоколите на здравствениот систем;
8. Подобра снабденост и модернизација на медицинска опрема и апаратура;
9. Примена на нови методи во секојдневното работење;
10. Подобрување на хигиената со максимална ангажираност на техничкиот персонал и поголема снабденост на ефикасни средства за хигиена, дезинфекција и други санитетски производи.

## Заклучок

Обуката многу ми помогна да ги усовршам моите стручни знаења да согледам практични искуства и решенија согласно европските стандарди и протоколи. Колегите од Р.Словенија несебично ги споделуваа нивните знаења, покажувајќи колегијалност, коректност и трпение за нашиот интерес што го пројавивме со моите колеги од Р.Македонија.

Подготвена и мотивирана сум да ги споделам и применам новостекнатите искуства на мојот оддел на Клиниката за дигестивна хирургија при Клиничкиот центар Мајка Тереза во Скопје.

## Благодарност



Голема благодарност до Министерството за здравство на Република Македонија за укажаната доверба и можноста за стручно усовршување.

Словенечките колеги во завршната оценка и препорака запишаа дека сум достоен претставник од Р.Македонија.

Mrs. Maja Veljanovska was during whole time of the educational visit very motivated and self initiative, positive and looking for further information and new knowledge. She was excellent representative of the healthcare in the Republic Macedonia. The exchange of the information about guidelines and point of view was a very positive experience for us. We were pleased that Mrs Maja Veljanovska was during the educational visit in out department.

Srša Gabrijela Jelka, RN, BSc (econ.)
Nurse for education
Department for Abdominal Surgery, Division of Surgery


БЛАГОДАРАМ